РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Министерство за труд и социјална политика

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Број 04-6933/1

23.09. 2013 година

Скопје

Врз основа на член 55, став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” број 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) министерот за труд и социјална политика на ден 23.09.2013 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика број 04-8093/2 од 12.12.2012, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика број 04-2052/1 од 19.03.2013, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика број 04-3344/1 од 23.05.2013 и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика број 04-3928/1 од 14.06.2013 во дел II, член 7, точка 3, подточка 3.2 по работното место со реден број 36 се додава ново работно место “36-а” кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и назив на работното место: | **36-а. Административно - техничка обработка на податоци за мониторинг на политики и програми на министерството и органите во состав** |
| Звање: | **Самостоен референт** |
| Одговорен пред: | Раководител на одделение |
| Општина каде е лоцирано работното место: | Скопје, Центар |
| Цел: | Спроведување на административно- технички и оперативни работи од надлежност на одделението во насока на обработка и аналитика на податоци потребни за мониторинг на стратешки документи; |
| Работни должности: | |
| - Прибира и врши техничка обработка на податоци за мониторинг на стратешки документи од областите од надлежност на министерството;<br>- Води евиденција на стратешки документи на министерството од областите во надлежност<br>- Врши административно-техничка активност при мониторинг на секторски програми, подпрограми;<br>- Собира и технички ги средува податоците во надлежност на одделението;<br>- Врши архивско средување на документација;<br>- Помага во организирање на состаноци;<br>- Врши и други работи што ќе му ги довери раководителот, а се во надлежност на одделението | |

| | |
|---|---|
| Посебни услови потребни за вршење на работата: | |
| Вид на образование: | Више или средно образование- IVилиVI степен |
| Работно искуство во струката: | најмалку три (3) години работно искуство во струката |
| Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети | Познавање на MS Office апликации и користење на Интернет “ |

## Член 2

Во дел II, член 7, точка 13, подточка 13.1, во работното место со реден број “307” во делот Звање бројот “14“ се заменува со бројот “15“, во делот Општина каде е лоцирано работното место по зборовите “Куманово (2) “ се додаваат зборовите “Гевгелија (1) “ .

## Член 3

Согласно извршените изменувања и дополнувања во интегралниот текст во Правилникот се вршат изменувања и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| “36-а | **Административно - техничка обработка на податоци за мониторинг на политики и програми на министерството и органите во состав** | **1** | **Самостоен референт** | Више или средно образование- IVилиVI степен | Познавање на MS Office апликации и користење на Интернет | најмалку три (3) години работно искуство во струката |
| 307 | **Инспекциски надзор за остварување на правата од социјална заштита и други парични надоместоци - Инспектор** | **15**<br>Скопје (7 );<br>Битола (3);<br>Штип (2 );<br>Куманово (2)<br>**Гевгелија (1)** | **Советник** | Економски, Филозофски факултет или Правни студии - завршен VII/1 степен или стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС | Познавање на MS Office апликации и користење на Интернет | најмалку Три (3) години работно искуство во струката |

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по објавувањето на огласната табла и на интернет страницата на Министерството за труд и социјална политика.

Правилникот ќе се објави наредниот денпо добивањето писмена согласност од Агенцијата за администрација

**Број 04-4933/1** **МИНИСТЕР,**

**23.09. 2013 година** **Диме Спасов**

**С к о п ј е**

Изработил:м-р Трајкова Кате